# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ за 2018 г.

**Февруари 2019**



Здружението за рурален развој ЛОКАЛНА АКЦИОНА ГРУПА АГРО ЛИДЕР Кривогаштани (во понатамошниот текст: ЛАГ), е независно, самостојно, доброволно и непрофитно здружение во кое доброволно се здружени правни и физички лица. ЛАГ е невладина и непартиска организација.

ЛАГ своите цели и задачи ќе ги остварува врз основа на принципите на непрофитност, стручност, непристрасност, независност, доброволност и солидарност.

## Нашата мисија

Мисијата на ЛАГ Агро Лидер Кривогаштани е да промовира и да придонесе кон одржлив рурален развој на територијата на општините Кривогаштани, Долнени и Крушево преку иницијативи, партнерства и користење на постоечкиот ендоген потенцијал.

## Нашата визија

„Територијата на ЛАГ-от АГРО ЛИДЕР е препознатлива по чистата еколошка средина, конкурентното земјоделство, зголемен број на МСП, создадени предуслови за развој на рурален туризам, на која преку одржлив рурален развој, силно партнерство и мобилност на локалните ресурси, постојано се подобруваат социо-економските услови на руралното население“.

## Нашата историја – За нас

Основањето на ЛАГ АГРО ЛИДЕР КРИВОГАШТАНИ овозможува заедничка соработка на јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, а преку информирање, едукација и активирање на населението ќе обезбеди долгорочен развој на руралните средини на територијата на
Општините Долнени, Кривогаштани, Крушево и Прилеп.
ЛАГ-от се организира и делува на подрачјето на територијата на Општините Долнени, Кривогаштани, Крушево и Прилеп кои се наоѓаат во Пелагонискиот плански регион.

## Цели, задачи, принципи

Главна цел и задача на АГРО ЛИДЕР КРИВОГАШТАНИ е да промовира и придонесе кон одржлив рурален развој на територијата на општините Долнени, Кривогаштани, Крушево и Прилеп преку иницијативи, партнерства и користење на постоечкиот ендоген потенцијал.

АГРО ЛИДЕР КРИВОГАШТАНИ постапува согласно со 7-те принципи на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот: Локална стратегија за развој заснована на одредена област, Локално јавноприватно партнерство, Пристап "од долу нагоре", Интегриран и повеќе секторски пристап, Иновации, Соработка и Вмрежување.

ЛАГот своите цели и задачи ги остварува врз основа на принципите на непрофитност, стручност, непристрастност, независност, добоволност, солидарност, одговорност и транспарентност, како фундаментални принципи во своето делување.
ЛАГот се раководи согласно карактеристиките на добро владеење:

- учество
- контрола и почитување на законите
- транспарентност и одговорност
- лидерство
- ориентација кон градење на консензус
- еднаквост
- диверзитет и етика
- ефективност и ефикасност

Работата на ЛАГ-от се заснова на добрата европска пракса и следните начела:

**Одржлив рурален развој на територијата на која делува ЛАГ-от**насочен кон вработување, зголемување на приходите на деловните субјекти  и граѓаните и подобрување на стандардот на живеење, притоа водејќи сметка за зачувување на животната средина, културата и културното наследство и социјалните аспекти.

**Интегриран и повеќесекторски стратешки пристап** со цел подобро искористување на ендогените ресурси, интеграција на локалните активности, градење на заеднички идентитет и заедничка визија за територијата, и идентификување на проекти за соработка врз основа на потребите на локалните заинтересирани страни

**Развој на партнерства и култура на соработка** помеѓу сите заинтересирани страни од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор на територијата.

**Пристап „од долу нагоре“** преку зголемување на учеството на локалните заинтересирани страни во градењето на партнерството и процесите на локален развој.

Промоција на **учењето и иновативни активности** со цел мобилизирање на ендогените потенцијали на територијата.

**Активно барање на можности за соработка** со други надворешни актери и други здруженија локални акциони групи како клучен елемент за учење.

Промоција на **вмрежувањето**, размена на искуства, добри практики и остварување на синергии.

**СОДРЖИНА**


Нашата мисија....................2

Нашата визија....................2

Нашата историја – За нас....................2

Цели, задачи, принципи....................2

Дел 1 – За нашиот ЛАГ....................**Error! Bookmark not defined.**

Нашиот тим / нашите луѓе....................5

Членови на Управен одбор....................5

Членови на Надзорен одбор....................5

Членови на Комисија за евалуација на проекти....................5

Структура и управување....................6

Порака од Претседателот....................6

Дел 2 - Проекти....................7

Дел 3 - Нашите финансии....................19

Финансиски извештај....................19

КАКО МОЖЕ ДА ПОМОГНЕТЕ....................22

Контакт информации....................22

## Нашиот тим / нашите луѓе

Локалната Акциона Група АГРО ЛИДЕР има 25 членки од кои 6 се претставници на јавниот сектор, 7 претставници на приватниот сектор, 8 претставници на граѓанскиот сектор и 4 физички лица (ИЗ, претставник од месна заедница и сл).

### Членови на Управен одбор

| **Име** | **Позиција** | **Датум на назначување на функцијата** |
|---|---|---|
| Даниела Цветаноска | Претседател | 2017 |
| Марина Тошеска | Член | 2017 |
| Коста Мицкоски | Член | 2017 |
| Владо Деспотоски | Член | 2017 |
| Сашо Аџиоски | Член | 2017 |
| Севганија Ибраими | Член | 2017 |
| Илија Катмероски | Член | 2017 |
| Елена Ѓурчиноска | Член | 2017 |
| Катерина Паскоска | Член | 2017 |
| Дејан Џокоски | Член | 2017 |
| Емилија Стефаноска | Член | 2018 |

### Членови на Надзорен одбор

| **Име** | **Позиција** | **Датум на назначување на функцијата** |
|---|---|---|
| Сашо Цуцулоски | Член | 2017 |
| Жарко Михајлоски | Член | 2017 |
| Михајло Николоски | Член | 2017 |

### Членови на Комисија за евалуација на проекти

| **Име** | **Позиција** | **Датум на назначување на функцијата** |
|---|---|---|
| Даниела Крстеска | Член | 2017 |
| Драган Јанкоски | Член | 2017 |
| Жарко Маркоси | Член | 2017 |
| Орхан Асани | Член | 2017 |
| Слаѓана Колеска | Член | 2017 |

**Структура и управување**

Со ЛАГ-от управуваат членовите посредно, преку своите избрани претставници во телата на ЛАГ. Членовите управуваат непосредно со лично изјаснување на седниците на Собранието на ЛАГ-от.

ЛАГ-от ја има следнава структура:

1. Собрание;
2. Управен орган;
3. Надзорен орган;
4. Комисија за евалуација на проекти;

## Порака од Претседателот

Здружението за рурален развој ЛАГ Агро Лидер започна со работа на 15 август 2014 година како јавно приватно партнерство и мрежа на јавен, приватен и граѓански сектор се со цел подобрување на квалитетот на живот и условите во руралните средини.

Во минатите години успеавме да ги зајакнеме нашите капацитети и способности и да станеме порелевантно ориентирано здружение на Пелагонискиот регион и општините Кривогаштани, Долнени и Крушево. Агендата заснована на рурален развој стана основен принцип во нашите активности, додека правото на избор – наша водечка порака. Оваа година се фокусиравме на мрежна соработка, формирање и учество на граѓански платформи и зајакнување на солидарноста меѓу граѓаните и невладините организации во унапредување на политиките за рурален развој.

Градењето партнерство остана наш главен стратегиски пристап, додека значително воведување на ЛЕАДЕР пристапот беше поставено високо на нашата агенда. Во, но време кога демократијата и европските вредности се високо вреднувани, не постои изговор за непочитување и невоведување на нови пристапи за подобрување на руралниот развој.

ЛАГ Агро Лидер ќе продолжи да се бори за секој поединец, без оглед на полот, родот, социјалниот статус, етничката припадност во руралните средини.

Задоволство ни е да ги го претставиме годишниот извештај на ЛАГ Агро Лидер и сите достигнувања во текот на годината. Горди сме на ова и ќе настојуваме соработката да функционира во корист на чинителите за кои работиме.

На крај, сакаме да им се заблагодариме на сите наши волонтери, соработници и партнери за нивниот придонес и довербата која ја вложија во нас.

Даниела Цветаноска
***Претседател***
ЛАГ Агро Лидер

## Дел 2 - Проекти

### Руралната жена во претприемништвото

Целта на овој проект е да Да се зајакне и да се придонесе до зголемување на претприемништвото меѓу жените кои живеат во руралните средини.
Специфични цели на проектот се
- Подготвување на општински документ – Акционен план за женско претприемништво во Кривогаштани, Долнени, Крушево и Македонски Брод
- Негување на претприемачкиот дух на младите жени во руралните средини, со цел да го подобрат својот социјален и професионален статус и да стекнат еднакви родови права
- Вклученост и стимулација на млади жени кои се активни во руралните заедници да станат ментори за други млади жени кои сакаат да се активираат
- Помагање во одржувањето на социјалната и економската одржливост на руралните области

Проектот “**Руралната жена во претприемништвото** “ е подготвен за да им помогне на жените во руралните средини во нивните напори да станат поактивни во нивното социјално и економско опкружување. Овој проект поставува основа за социјална мрежа на жени претпримачи со цел да споделат идеи, знаења и вештини. Остварувањето на резултатите од овој проект овозможува започнување на претприемачкиот дух кај жените во руралните средини.

Партнер на проектот е здружението “Крушевска жена“ од Крушево. “Крушевска жена“ е пилот модел на социјално претприемништво, чија мисија е економско јакнење на жените. Главната цел на организацијата е зајакнување на економската независност на жените, да се зголеми социјалната инклузија, а истовремено да се поттикне локалниот економски развој во Крушево.



Учењето преку менторство, размена на искуства и практики е многу ефективно во руралните области каде што луѓето имаат тенденција да учат повеќе кога се водени од друг што живее во истиот еколошки, економски и социјален контекст. Преку проектните активности - одржани координативни средби и партнерства со сите засегнати страни од проектот, одржување на 2 еднодневни обуки со цел зајакнување на капацитетите на жените и претставниците жени на граѓанските организации од областа на женското претприемништво. Одржувањето на форуми и тркалезни маси се подготви како краен резултат Акционен план за женско претприемништво.

Доделениот грант од донаторот Министерство за Економија на РМ за проектот е 1560 евра со период на имплементација 01.12.2017 – 30.04.2018.

**Учиме заедно**

Цел на проектот е промоција на меѓуетничката едукација во основните училишта во руралните средини. Во проектот беа вклучени училиштата ОУ Добре Јованоски – Прилеп, ОУ Кирил и Методиј – Канатларци, ОУ Ѓорче Петров – с.Ропотово и О.У. Ќемаил исмаили од Црнилиште, а како учесник во изложбата се вклучи и ОУ Кирил и Методиј Бучин.
Преку организирање на изложба на цртежи и фотографии каде училиштата и учениците-учесници добија симболични награди до заедничка претстава во кино салата Мис Тон Прилеп каде учениците покажаа која е силата на заедничкото пријателство кое не познава нација и вера. Прокетните активности во рамките на проектот беа проследени од медиумите и беше изработено и промотивно видео.

Проектот беше реализиран со поддршка на Мировна Акција Прилеп со грант од 4845 евра со период на реализација од 01.12.2017 – 30.03.2018.





## Вмрежени за рурален развој

Главна цел на проектот е да се зајакнат заедничките напори и капацитети на стратешките чинители во практикување и имплементирање на ЛЕАДЕР пристапот за постигнување рурален развој Краткорочни цели: - Креирање и зајакнување на ЛЕАДЕР мрежа за дијалог меѓу релеватните чинители (локални самоуправи, граѓански организации, бизнис сектор, јавни институции, мрежи, асоцијации, итн.) - Зголемување на информираноста и подигање на свест преку креирање на on-line платформа за дијалог меѓу релеватните чинители (локални самоуправи, граѓански организации, бизнис сектор, јавни институции, мрежи, асоцијации, итн.).Проектот се реализираше во партнерство со останатите 7 Локални Акциони Групи во 4  Плански Региони – Северо-источен, Вардарски, Пелагониски Регион, Полошки регион. Во рамките на проектотсе спроведоа следниве активности - Одржување на граѓански форуми во руралните средини; Формирање на ЛЕАДЕР мрежа; Креирање на on-line платформа и Застапување и лобирање

Проектот е имплементиран во периодот од 01.01.2018 – 30.06.2018 со поддршка од 4074 евра од Проектот ИПА 2 Механизам за граѓанските организации е спроведуван од МЦЕО, Еко-свест, Реактор и Зенит. Проектот е финансиран од Европската унија. 2 “ИПА 2 Механизам за граѓанските организации – IPA2CSO“ Референтен број IPA2/GS-02.





## ЛЕАДЕР пристапот во Македонија – предизвици

Цел на проектот е Зголемување за информираноста за ЛЕАДЕР пристапот и улогата на Локалните Акциони Групи за руралниот развој во Пелагонискиот регион. Проектот се реализираше во соработка со Македонско Радио и порталот Инфо Компас.
Проектните активности се состоеа од Теоретска разработка и анализа на моменталната ситуација со користење на аналитички, компаративен и статистички метод (анализа на релевантни документи национални, регионални  и локални,); Идентификација на главните резултати од воведувањето на LEADER+ како дел од политиките за одржлив рурален развој  (добри практики од ЕУ); Отворени дебати  - На оваа тема  дискутираа претставници од граѓански организации, индивидуални земјоделци и правни ентитети од руралните средини, јавни институции, креатори на политиките,академци и претставници на надлежните институции и директни акции на застапувања. Секоја проектна активност беше проследена од новинарите и обајвена во медиумите.

Граѓанска асоцијација МОСТ е донатор на овој проекет кој се реализираше во периодот од 01.02.2018 – 31.05.2018 со буџет од 2422 евра.





**Здружени за доброто на заедницата**

Цел на проектот е имплементирање на програма која ќе одговори на потребата од ангажирање на граѓаните - односно "да ги ангажира граѓаните во процесот на планирање и донесување одлуки на локалната самоуправа за да произведат резултати кои ги рефлектираат потребите, аспирациите и приоритетите на граѓаните и конечно да произведуваат подобри планови, буџети и управувачката ефикасност на извршната и законодавната власт на локално ниво Проектот претставува холистички пристап „од долу нагоре" врз основа на специфичната природа на локалните проблеми,каде што локалните заинтересирани страни ги здружуваат силите за да ги искористат ефективно внатрешните потенцијали на нивната територија. Целите на проектот директно се насочени кон напорите да се зајакне улогата на институциите на локално ниво и на ниво на поголемо учество на
граѓаните во локалните процеси.
Граѓанските организации како битна алка во целиот процес ја додаваат додадената вредност на целите и активноостите на проектот. Целите директно се насочени кон партнерствата што ги вклучуваат локално население, граѓанските организации и ја потикнуваат интеракцијата и соработката помеѓу населението, а и меѓу населението и локалните власти.

Проектот се реализираше во периодот од 01.04 – 31.12.2018 со поддршка од 8000 евра од Донаторот на проектот – АЛДА.





## Равојот на синџирот на добавувачи во млечниот сектор во Пелагонискиот Регион

Преку оваа иниицјатива се овозможи соработка помеѓу релевантните чинители во синџирот на добавувачи во млечниот сектор и се зајакна и соработката помеѓу фармерите. Преку проектните активности се позитивното влијание на користењето на различна опрема и добри практики за производство на сурово млеко и зголемуавње на продуктивноста на фармата. Беа набавени ТМР, Ролобалирачка и бокс за третман на папци. Од оваа опрема бенефит ќе имаат средни и мали фарми на територијата на овие две општини.  Како дел од проектните активности на ЛАГ АГРО ЛИДЕР се: Вклучување на засегнати чинители земјоделскиот сектор за создавање на економска и општествена вредност, Обезбедување на поддршка на планирањето на имплементацијата со менаџментот на водечката компанија, улество во набавка на опремата, надзор над користењето на опремата во фармите,  мери и оцени влијанието на активноста врз продуктивноста на фармите, мерење и оценка на влијанието на активноста врз продуктивноста на фармите, мобилизација на претставници на други фарми за да ги зголемат своите професионални вештини и да се мотивираат да користат нови методи и да инвестираат во нова опрема

ЛАГ Агро Лидер е одговорен за мониторинг со индикатори, насоки за мерење и анализа на резултатите за секоја фарма опфатена со оваа активност.
Проектот се спроведуваше во периодот од Април 2018- Октомври 2018 со поддршка на Проектот на УСАИД за равој на деловниот екосистем во износ од 2975 УСД.

Во рамките на проектот беше организирана и посета на фармите каде со своето присуство не удостои претставник на канцеларијата на УСАИД во македонија – г-н Дејвид Атебери претставници од УСАИД, локални самоуправи, здруженија и тн. Проектот беше промовиран на многу медиуми како иницијатива која дава придонес за равој на деловниот бизнис екосистем.




## Руралноста станува вредност

Во соработка со организацијата за рурален развој Агри Нет Албанија со поддршка на Регионалната канцеларија SWG, ЛАГ АГРО ЛИДЕР организираше работилница за размена на знаења и искуства во областа на руралниот развој на која присуствуваа 20 лица од руралните делови на Албанија. Во склоп на проектот беше посетена манифастецијата Јаболкобер и беше организирана тура низ Преспа Регионот. Проектот се реализираше во периодот на месец Септември 2019 со финансиска поддршка од 1460 евра од Регионалната канцеларија на SWG, програма  People to people.







**Заедно остваруваме!**

Проектот „Заедно остваруваме" со времетраење од 01 јуни – 30 ноември 2018, ги има следниве цели: Зголемување на општествената кохезија преку заеднички социјални акции, Подобрување на соработката и комуникацијата меѓу локалните актери – локална самоуправа, бизнис сектор и граѓански сектор, Градење доверба меѓу локалните актери во Пелагонискиот регион.

Резултати:
- Обучени 20 млади за процесите на добро владеење, адресирање на заеднички проблеми и прашања, добри практикии подготовка на препораки
- Изготвена анализа од терен во руралните средини во и околу Прилеп за теми поврзани за општествено владеење на локално ниво
- Организирани 4 социјални акции преку транспарентен и отчетен пристап
- Вклучување на нова иновативна техника – Визуализирање (Visual Thinking strategy) во неформалното образование

Проектот финансиски е поддржан од Фондација отворено општество Македонија со буџет од 4074 евра.





**Подобрување на продуктивноста и пазарниот успех на македонските фармери**

Главна цел на проектот е развивање на нови услуги кои би можеле да им ги понудиме на нашите постојани и потенцијални нови членки со кои ќе се подобрат секојдневните оперативни активности на нашите членови, генерирање на приходи и зголемување на профитабилноста и иницирање на

подготвеност за инвестирање за подобрување или проширување на капацитетите. Врз основа на истражувањето за идентификација на клучните прашања на фармерите и релевантните чинители од земјоделскиот сектор од аспект на економски раст, започнавме со развој на следниве услуги: (i) Земјоделски советодавни услуги, (ii) Пристап до финансии и развој на бизнис, (iii) Ветеринарна обука и (iv) Развој на модел за соработка помеѓу фармери и земјоделци. Сите овие активности се комплементарни, наменети за подобрување на знаењето, градење на вештини, стимулирање на економскиот раст и отворање на можности за вработување. Овој проект ќе овозможи достапност на услуги кои се фокусирани кон постигнување на вистинско влијание врз продуктивноста и достапноста на земјоделските производи.

Проектот ќе се имплементира од 1 август 2018 до 30 септември 2019 година со поддршка од 32390 УСД од Проектот на УСАИД за развој на деловниот екосистем .




## ОБЈАВЕНИ ПУБЛИКАЦИИ

1. **ЛЕАДЕР пристапот за рурален развој во Македонија**
2. **Прирачник за партиципативно учество на ГО во процесите на креирање на политики на локално ниво**
3. **Акционен план за женско претприемништво**
4. **Локални Акциони Групи за рурален развој во Македонија**







**Активности**

Во месец Февруари 2018 се одржа Собрание на ЛАГ АГРО ЛИДЕР за подоготовка н утврдување на документите за аплицирање на повикот од МЗШВ за регистрирање на ЛАГови во Регистар на МЗШВ



На 30ти мај 2018 во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р.Македонија се одржа завршна конференција на проектот за техничка соработка помеѓу Република Македонија и Република Словенија за ЛИДЕР пристапот во Македонија. На конференцијата Министерот Љупчо Николовски ги додели и решенијата за запишување во евиденцијата на МЗШВ на 13 Локални Акциони Групи, меѓу кои и ЛАГ АГРО ЛИДЕР.





ЛАГ Агро Лидер како член на првата Мрежа на младински банки во Македонија, во периодот од 28 до 30 мај, со свој претставник учествуваше на студиската посета во Сараево, Босна и Херцеговина. Презентираните ставови и добри практики за имплементацијата на Младинските банки, се добра основа за започнување на истите и во Македонија.
Ова е нов и иновативен концепт за зголемување на вклучувањето на младите во процесите на локално ниво.






ЛАГ АГРО ЛИДЕР беше дел од промоцијата на проектот ВИЗУАЛИЗИРАЊЕ, иновативен тренинг концепт за зајакнување на толеранцијата и меките вештини кај младите, подржан од Еразмус + програмата, КА2 стратешко партнерство за млади, која се одржа на 11 јуни 2018година во Охрид.





ЛАГ АГРО ЛИДЕР беше дел од третиот младински форум за земјите од западен Балкан кој се одржа во периодот од 29 јуни до 1 јули во Нови Сад, Р.Србија




ЛАГ АГРО ЛИДЕР на 01.08.2018г во Прилеп во соработка со Солар Македонија одржаа заедничка презентација пред фармери од Пелагонија на тема внесување на соларни системи и одржлива енергија во земјоделското производство во регионот. Со здружени сили, двете организации ќе работат на модернизација и зголемување на рентабилноста на фармите во регионот преку употреба на обновливи извори на енергија. Настанот е поддржан од Проектот на УСАИД за развој на деловниот екосистем кој неодамна на двете здруженија им додели грантови за развој на работната сила и локалната економија. Проектот на УСАИД за развој на деловниот екосистем ќе ја зајакне

конкурентноста на микро, малите и средните претпријатија (ММСП) во Македонија преку подобрување на деловните услуги, финансирањето и пазарните врски со цел потикнување на пораст на продуктивноста и вработувањата во ММСП. Преку својата прва компонента, Проектот соработува со организации за бизнис поддршка во идентификување и подобрување на недостатоците присутни во македонското деловно опкружување. Овој настан го одбележува почетокот на заедничките активности кои Проектот планира да ги спроведе со бизнис организациите во текот на наредните три години.




На 7 септември ЛАГ АГРО ЛИДЕР имаше чест да биде дел од официјалната церемонија на доделување на грантови поддржани од Проектот на УСАИД за развој на Деловниот Бизнис Екосистем. ЛАГ АГРО ЛИДЕР е дел од избраните осум грантисти, и поттик како организација да покажеме резултати и низ нашите активности да направиме промени во руралниот развој во Пелагонискиот Регион.







ЛАГ Агро Лидер во периодот од 11-14 септември 2018 зеде учество на конференцијата CoCoBeLA - Coordinated Cooperation between LAGs, во Храница, Чешка. Претставници на оваа конференција се и ЛАГови од Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Албанија, Полска, Словачка, Латвиа, како и претставници од Европските мрежи на ЛАГови.







На 21 септември 2018 се потпишаа Меморандуми за соработка со Ветеринарна комора и Факултет за ветеринарна медица за успешна имплементација на проектот „Зголемување на продуктивноста и пазарниот успех на македонските фармери“.



Промоција на најновите достигнувања од опрема за сточарски фарми и млекари од познатиот турски производители Куртсан Агри, организиран од фирмата Синпекс – Битола. Дополнително, презентација на проектот „Подобрување на продуктивноста и пазарниот успех на македонските фармери” на ЛАГ Агро Лидер.





ЛАГ АГРО ЛИДЕР во соработка со Ветеринарна Комора на Македонија, со поддршка на УСАИД и МАШАВ (интернационална агенција за мегународна соработка на Израел) организираа семинари во Битола и Скопје со предавачи од Израел - споделување на добри практики со Докторите по Ветеринарна медицина.






Во периодот од 11 – 22 ноември 2018 експерти од Израел – г-н Шимон Офир и г-н Езра Шошани, го посетија Пелагонискиот Регион и во соработка со ЛАГ АГРО ЛИДЕР беа организирани посети на фарми и состаноци со претставници од МЗШВ каде беа дискутирани моменталните програми на МЗШВ Македонија во делот на сточарството и можности за воведување добри практики од Р.Израел.




**ИДНИ ПРОЕКТИ**

1. ЛЕАДЕР мерки – неопходни практики за одржлив рурален развој. Проектот започна со реализиција на 01 јануари 2019 и ќе трае до 31 август 2019
2. Медиумска писменост и граѓански активнизам во руралните средини. Проектот започна со реализиција на 01 декември 2018, а ќе трае до 31 мај 2020
3. Подобрување на продуктивноста и пазарниот успех на македонските фармери, проект започнат на 01 август 2018, а ќе трае до 30 септември 2019 година.

## Дел 3 - Нашите финансии

**Финансиски извештај**

ЕМБС: 06972519
Целосно име: Здружение за рурален развој ЛОКАЛНА АКЦИОНА ГРУПА АГРО ЛИДЕР Кривогаштани
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна.сметка
Година : 2018

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 722.573,00 | | | 841.959,00 |
| 202 | - - Потрошени материјали | 85.508,00 | | | 51.208,00 |
| 203 | - - Потрошена енергија | | | | 30.915,00 |
| 204 | - - Други услуги | 321.310,00 | | | 206.608,00 |
| 205 | - - Превозни и транспортни услуги | 315.013,00 | | | 375.961,00 |
| 206 | - - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 742,00 | | | 23.807,00 |
| 209 | - - Наемнини | | | | 80.370,00 |
| 210 | - - Други материјални расходи | | | | 73.090,00 |
| 211 | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 647.594,00 | | | 2.128.474,00 |
| 212 | - - Провизија за платен промет | 13.618,00 | | | 36.395,00 |
| 213 | - - Камати на кредити и заеми | 500,00 | | | |
| 215 | - - Дневници за службено патување | 631.029,00 | | | 706.622,00 |
| 216 | - - Надоместоци на трошоците на работниците и удолжните | | | | 1.342.090,00 |
| 217 | - - Негативни курсни разлики | 270,00 | | | 5.543,00 |
| 219 | - - Други расходи | 2.177,00 | | | 37.824,00 |
| 222 | - - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225) | | | | 418.766,00 |
| 224 | - - Средства за опрема | | | | 418.766,00 |
| 230 | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | | | | 233.732,00 |
| 231 | - - а) Вкалкулирани плати | | | | 233.732,00 |
| 233 | - - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 8.690,00 | | | |
| 235 | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 1.378.857,00 | | | 3.622.931,00 |
| 236 | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 797.632,00 | | | 898.455,00 |
| 238 | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 797.632,00 | | | 898.455,00 |
| 239 | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 2.176.489,00 | | | 4.521.386,00 |
| 240 | - - ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ (241+242) | | | | 40.847,00 |
| 242 | - - Приходи од услуги | | | | 40.847,00 |
| 243 | - - Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 20,00 | | | 927,00 |
| 244 | - - Приходи од членарина, подароци, донации и приходи од други извори | 2.176.469,00 | | | 3.661.871,00 |
| 247 | - - Други приходи | | | | 20.109,00 |
| 248 | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | | | | 797.632,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009) | | 388.766,00 | 19.437,00 | 369.329,00 |
| 3 | - - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | | 388.766,00 | 19.437,00 | 369.329,00 |
| 5 | - - Опрема | | 388.766,00 | 19.437,00 | 369.329,00 |
| 10 | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 799.647,00 | 898.455,00 | | 898.455,00 |
| 11 | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 799.647,00 | 885.455,00 | | 885.455,00 |
| 12 | - - Жиро сметка | 224.451,00 | 794.975,00 | | 794.975,00 |
| 14 | - - Девизна сметка | 575.196,00 | 90.480,00 | | 90.480,00 |
| 21 | - - КРАТКОРОЧНИ ФИНАСИСКИ ПОБАРУВАЊА | | 13.000,00 | | 13.000,00 |
| 28 | - - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034) | | 30.000,00 | 30.000,00 | |
| 31 | - - Ситен инвентар | | 30.000,00 | 30.000,00 | |
| 42 | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 799.647,00 | 1.317.221,00 | 49.437,00 | 1.267.784,00 |
| 44 | - - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | | | | 369.329,00 |
| 45 | - - Деловен фонд | | | | 369.329,00 |
| 51 | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКI (052 ДО 061) | 2.015,00 | | | |
| 54 | - - к) Обврски спрема државата за даноци и придонеси и други обврски | 2.015,00 | | | |
| 62 | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 797.632,00 | | | 898.455,00 |
| 63 | - - Пасивни временски разграничувања пресметани и однапред наплатени приходи | 797.632,00 | | | |
| 64 | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | | | | 898.455,00 |
| 69 | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 799.647,00 | | | 1.267.784,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 680 | - - Плати(< или = на АОП 231 од БПР) | | | | 233.732,00 |
| 686 | - - Приходи од камати(< или = на АОП 243 од БПР) | 20,00 | | | 925,00 |
| 688 | - - Приходи од членарини(< или = на АОП 244 од БПР) | 23.000,00 | | | 29.500,00 |
| 691 | - - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР) | 2.151.469,00 | | | 3.632.371,00 |
| 695 | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | | | | 2,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 351 | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 797.632,00 | | | 898.455,00 |
| 353 | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА | 797.632,00 | | | 898.455,00 |

s://e-submit.crm.com.mk/aaol/Admin/GenerateAAPreview.aspx?aaid=6qFZI0rFkRnZ5o8mBEH1JQ%3d%3d&uid=hB6i5%2ff7P7YPpov9xIZA%2bq... 2/3

| | | | |
|---|---|---|---|
| | РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | | |
| 356 | - - (-) Дел за пренос во наредната година | 757.632,00 | 898.455,00 |

**Структура на приходи по дејности**

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 2598 | - 94,99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место | | | | 4.521.386,00 |

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.







### КАКО МОЖЕ ДА ПОМОГНЕТЕ

*Станете член*

*Волонтирајте*

*Донирајте*

*Поддржете настан или друга активност*

*Станете партнер*

## Контакт информации

ЛАГ АГРО ЛИДЕР
Маршал Тито бр. 92 7524
Кривогаштани

Контакт лице: Даниела Цветаноска
075 340 739

E-mail: lagagrolider@gmail.com
Web: www.lagagrolider.com